# ***ИЗВЕШТАЈ***

**Подрачје 1: Наставни планови и програми**

| **Клучни јаки страни** |
|---|
| Наставните програми се усогласени со националните образовни стандарди.<br><br>Постои основна вклученост на практични содржини во стручно-теоретските предмети.<br><br>Дел од наставниците имплементираат интердисциплинарен пристап. |
| **Слаби страни** |
| Недоволна флексибилност во изборни модули според потребите на учениците и пазарот на труд.<br><br>Ограничена соработка со локалното стопанство при ревизија на наставни програми.<br><br>Забавено прилагодување на програмите кон дигиталните и „зелени“ компетенции. |

| **Анализа на резултатите** |
|---|
| Наставата во СОУУД „Димитар Влахов“ се реализира во согласност со наставните планови и програми одобрени од Министерството за образование и наука. Од учебната 2019/20 година, училиштето премина на реформирани наставни планови за стручно образование, кои се базираат на модуларен пристап и поддржуваат развој на стручно-практични и меки вештини кај учениците.Целосна примена на новите програми: Наставата се спроведува во согласност со новите наставни планови, а наставниците се прилагодуваат на модуларниот пристап.Активна и интерактивна настава: Во повеќе предмети се применуваат активни и интерактивни методи на настава, што резултира со подобрување на ученичкиот успех, зголемена мотивација, развој на самостојност и тимска работа кај учениците.ИКТ интеграција и дигитална комуникација: Во училиштето успешно функционира Е-дневникот, што овозможува транспарентност и редовна комуникација со родителите. Учениците и родителите имаат редовен увид во оценувањето и текот на наставниот процес.Учество и избор на учениците: Учениците се активно вклучени во изборот на изборни предмети и воннаставни активности, врз основа на претходна информираност. Ова придонесува за поголема вклученост и задоволство од наставниот процес.Почитување на родова и етничка сензитивност: Преку формалните органи на училиштето се прибираат мислења за наставните програми и учебни помагала, со акцент на инклузивност, мултикултурна сензитивност и родова рамноправност.Идентификувани предизвици и потреби:Нееднаква техничка опременост: Постојат разлики во квалитетот на наставата, особено поради различната опременост на кабинетите. Ова влијае на можноста за реализирање практична и модерна настава во одредени стручни подрачја.Недоволна доследност во активната настава: Иако се применува активна и интерактивна настава, таа не е подеднакво застапена кај сите наставници. Потребен е континуиран професионален развој во оваа насока.Прилагодување кон ученици со посебни потреби: Иако бројот на ученици со ПОП е мал, се бележи тренд на пораст. Наставниците делумно ги прилагодуваат програмите, но се соочуваат со недоволна стручна подготвеност за индивидуална работа. Стручната служба обезбедува одредена поддршка, но се укажува на потреба од поголема помош од надлежни институции преку обуки и насоки.Интегрирање на локалниот контекст: Училиштето се обидува да ги |

прилагоди наставните програми на потребите на локалната заедница, но тоа се реализира делумно, поради ограничени можности за формални промени во програмите.Забавен процес на иницирање промени: Иако постои свесност и иницијативи за промени во наставните планови и програми, училиштето има потреба од формирање на проширени работни тела кои ќе го координираат процесот на предлози, ревизии и соработка со Бирото за развој на образованието и другите институции.

**Идни активности**

Анализата укажува дека училиштето покажува стабилна основа во спроведувањето на наставните планови и програми, при што е постигнато значително унапредување на наставната практика, особено преку примената на активна настава и дигитална трансформација. Сепак, идентификувани се области кои бараат дополнителен фокус, особено во насока на:

1.техничко унапредување на наставните простории,

2.поголема доследност во наставниот пристап,

3.адаптација на наставата кон потребите на ученици со ПОП,

4.како и институционална поддршка за ревизија и усогласување на програмите со потребите на учениците и пазарот на труд.

Со зајакнување на овие сегменти, училиштето ќе може да обезбеди уште поквалитетен и поинклузивен наставен процес.

**Подрачје 2: Постигања на учениците**

| **Клучни јаки страни** |
|---|
| Високи постигања во стручно-практичните предмети.<br><br>Ученици со редовно учество и награди на стручни натпревари.<br><br>Растечки интерес за вклучување во Еразмус+ и други проекти. |
| **Слаби страни** |
| Слаби резултати во општите предмети (особено математика и странски јазици).<br><br>Недоволна систематизација на податоци за следење на индивидуалниот напредок.<br><br>Нееднаков успех меѓу различни паралелки и профили. |

| **Анализа на резултатите** |
|---|
| Постигањата на учениците претставуваат еден од клучните индикатори за квалитетот на наставниот процес и за успешноста на применетите наставни планови и методи. Во рамки на процесот на самоевалуација, направена е анализа на постигнувањата на учениците во сите образовни подрачја, како и на факторите што влијаат врз нивниот напредок. Високи постигнувања во стручно-практичните предмети: Учениците на СОУУД „Димитар Влахов“ покажуваат значајни резултати во практичниот дел од наставата. Реализацијата на практична настава во соработка со локални компании, како и опременоста на одделни кабинети, придонесуваат за развој на применливи стручни компетенции. Голем број ученици редовно учествуваат на општински, регионални и државни натпревари, особено во областа на стручното образование. Освоени се повеќе награди, што укажува на мотивираност, ангажираност и квалитетна подготовка од страна на наставниците.Се зголемува бројот на ученици кои се вклучуваат во меѓународни програми, особено во рамки на Еразмус+. Вклученоста во вакви проекти придонесува за развој на интеркултурна комуникација, јазични вештини и меки компетенции, што позитивно влијае на вкупните ученички постигнувања.Ниско ниво на постигнувања во општите предмети: анализите покажуваат дека учениците имаат послаби резултати во делот на општото образование, особено по математика и странски јазици. Ова може да се должи на незаинтересираност, недоволна поддршка надвор од редовната настава, но и на методолошки пристапи кои не се доволно прилагодени на различните стилови на учење. Следењето на напредокот поединечно по ученик не е доследно имплементирано. Се користат податоци од Е-дневникот, но нема унифициран систем за анализирање на подолгорочниот развој, ранливите точки или напредокот во одделни области. Се забележуваат разлики во успехот меѓу учениците од различни образовни профили и паралелки. Овие разлики често се поврзани со наставниот кадар, бројот на ученици, мотивацијата, поддршката од семејството, но и со ресурсите и методите на настава што се користат. |
| **Идни активности** |
| Постигањата на учениците во СОУУД „Димитар Влахов“ покажуваат значителен напредок и стабилност во делот на стручното образование и практичните предмети, како и во вклученоста во натпревари и меѓународни програми. Овие резултати укажуваат на добар капацитет на училиштето за развивање практични и применливи вештини кај учениците. |

Сепак, постојат области што бараат дополнително внимание:

1. Развивање на стратегии за подобрување на успехот во општите предмети, преку дополнителна поддршка, часови за доработка, креативни и функционални методи на предавање.
2. Воспоставување на систем за индивидуално следење и евиденција на ученичкиот напредок, со што ќе се овозможи рано препознавање на потешкотии и навремено делување.
3. Намалување на разликите во квалитетот на постигања меѓу паралелките и профилите, преку континуирано професионално усовршување на наставниците и споделување на добри практики.
4. Понатамошно охрабрување за вклучување во меѓународни проекти, преку промоција, менторство и вклучување на наставници и ученици во подготвителни активности.

**Подрачје 3: Учење и настава**

| **Клучни јаки страни** |
|---|
| Дел од наставниците применуваат активно и проектно учење.<br>Користење на ИКТ алатки (Google Classroom, Kahoot, Canva) во некои предмети.<br>Постојат индивидуализирани пристапи кај дел од наставниците.<br>Јавна презентација и промовирање на постигнатите резултатите |
| **Слаби страни** |
| Преовладување на традиционални методи на пренесување знаење.<br>Ограничено користење на дигитални и виртуелни лаборатории.<br>Недоволна практична настава во реални услови (поради ограничени ресурси/партнери). |

| **Анализа на резултатите** |
|---|
| Во одредени паралелки и предмети, дел од наставниците успешно применуваат современи форми на учење, како што се активно учење, учење преку истражување и проектно-базирано учење. Овие пристапи поттикнуваат ученичка ангажираност, критичко размислување и работа во тим, што позитивно се одразува врз постигнувањата на учениците. Резултатите од ваквите наставни пристапи се евидентни преку: подобрување на ученичката мотивација,подобро разбирање на наставните содржини, зголемено учество во вонпаставни активности. Во некои предмети (особено информатика, странски јазици, стручни предмети), се користат ИКТ алатки како Google Classroom, Kahoot, Canva и слични, кои овозможуваат поинтерактивен, визуелен и ангажирачки пристап кон наставата. Оваа практика ја модернизира наставата и е во согласност со дигитализацијата на образованието. Иако нивната примена е ограничена, таму каде што се користат:Учениците се повклучени;Се олеснува самостојното учење,се подобрува визуелизацијата на комплицирани концепти. Одредени наставници демонстрираат способност за прилагодување на наставата според индивидуалните способности, стилови на учење и интереси на учениците. Овој пристап придонесува за:Подобро совладување на материјалот кај ученици со поразлични нивоа на предзнаења,поголема инклузија на учениците со потешкотии,намалување на ризикот од запоставување или откажување од наставниот процес. Училиштето редовно организира јавни настани, изложби, презентации и медиумски објави, преку кои се промовираат ученичките трудови и проекти. Ова не само што го зголемува угледот на училиштето, туку ги мотивира учениците да бидат поактивни и поодговорни кон својата работа.Преовладување на традиционални методи на настава И покрај обидите за иновации, традиционалните наставни методи – првенствено наставник-центричен пристап (фронтална настава, диктирање, пасивно слушање) – сè уште преовладуваат во голем дел од наставниот процес. Ова резултира со:ниска ученичка ангажираност,ограничено критичко размислување и креативност,слаба подготовка за практична примена на знаењето.Недоволната техничка опременост и недостапноста на специјализирани образовни софтвери или виртуелни лаборатории ја ограничува можноста за:Симулирање реални експерименти и ситуации;Примена на научно-истражувачки методи;Интерактивно учење, особено во природни и стручни науки. Поради ограничени материјални ресурси и недоволна соработка со локалната економија, практичната настава е |

ограничена, особено во реални работни средини. Тоа се одразува на:подготовка на учениците за вработување,можностите за стекнување практични вештини и рутина,недоволен контакт со работната култура и потребите на пазарот на труд.

| **Идни активности** |
|---|
| 1.Потребна е поголема поддршка и мотивација на наставниците за отстапување од традиционалните методи и зголемена примена на интерактивни, ученик-центрични пристапи.<br><br>2.Да се вложи во дообука на наставниот кадар за примена на ИКТ алатки и дигитална педагогија.<br><br>3.Училиштето треба да работи на интензивирање на соработката со локални компании, институции и занаетчиски комори, со цел организација на практична настава, посети, практиканство и менторство.<br><br>4.Да се иницираат пилот-проекти за виртуелна лабораториска настава, со цел постепена дигитализација на наставата и зголемена достапност на интерактивни ресурси. |

## Подрачје 4: Подршка на учениците

| Клучни јаки страни |
|---|
| Еднакво обезбедување на грижа и заштита на учениците од различен пол и со посебни образовни потреби<br>Навремено известување на родителите за подршката и помошта што може да ја добијат во училиштето<br>Комплетирана стручна служба со 4 стручни соработници (педагог,психолог,специјален едукатор и социјален работник)и истата е лесно достапна до учениците<br>Повеќекратни хуманитарни акции за помош на учениците кои потекнуваат од семејства со социјален ризик |
| **Слаби страни** |
| Немање на инструменти за оценување на емоционалните, социјалните и физичките потреби на учениците<br>Немање на просторија за исхрана на учениците |

| Анализа на резултатите |
|---|
| Безбедноста на учениците во училиштето е на високо ниво. Дворот на училиштето е заграден и уреден и означени се места со потенцијална опасност од повреди. Задолжително е користењето на заштитна опрема и облека. Куќниот ред и кодексот на однесување на учениците и наставниците како и постојаната контрола на влез на надворешни лица преку дежурните наставнициовозможуваат безбедна средина за учениците.  Со редовната контрола на случувањата во дворот и училиштето како и воспитните мерки кои се преземаат од страна на наставниците употребата на алкохол и дрога е занемарлива.Еднаква грижа и заштита на учениците од различен пол и со посебни образовни потреби. Училиштето демонстрира силна заложба за инклузивност и еднаквост, со тоа што обезбедува еднаков третман и пристап до поддршка за сите ученици, независно од нивниот пол, етничка припадност или образовни потешкотии.Овој пристап резултира со: намалување на дискриминацијата и стереотипите, зголемена инклузија на учениците со ПОП, позитивна и безбедна училишна клима. Училиштето има воспоставен систем за комуникација со родителите, преку кој тие се навремено информирани за можностите за психо-социјална поддршка, вклучување во активности или добивање на социјална помош.Оваа практика овозможува: поактивно вклучување на родителите во едукативниот процес, поголема доверба во институцијата, подобра соработка при решавање на индивидуални потешкотии.Со целосно формирана стручна служба од 4 стручни соработници (педагог, психолог, специјален едукатор и социјален работник), училиштето има капацитет да обезбеди разновидна и специјализирана поддршка на учениците.Резултатите од ова се: навремено идентификување на проблеми во учењето, однесувањето и социјализацијата, конкретни интервенции и индивидуална работа со ученици, поголема доверливост и пристапност на услугите за учениците. Организираните хуманитарни акции придонесуваат за: финансиска и материјална помош за најзагрозените ученици;Јакнење на чувството за заедништво и емпатија кај учениците, промоција на социјална солидарност како вредност во училиштето. Недостиг на инструменти за проценка на емоционалните, социјалните и физичките потреби на учениците. Иако постои стручна служба, училиштето не располага со стандардизирани дијагностички инструменти и скали за мерење на психо-социјалните потреби на учениците. Ова резултира со: ограничена прецизност во проценката на реалните потреби на учениците, субјективност во одлучувањето за интервенција, потешкотии при изготвување индивидуализирани планови за поддршка.Недостаток на просторија за исхрана на учениците.Оваа слаба страна има значително влијание врз, здравјето и благосостојбата на учениците, особено оние кои патуваат од други места, социјализацијата на учениците преку |

заеднички оброци, можноста за реализација на здрава училишна средина во согласност со препораките за ученичка исхрана. Училиштето покажува високо ниво на инклузивност и социјална грижа преку развиена стручна служба и активно вклучување на родителите. Присутна е добра волја и иницијативи за поддршка на ранливи категории ученици. Недостигот од формални инструменти и соодветни простории ја ограничува систематичноста и ефективноста на заштитата.

**Идни активности**

1. Да се инвестира во обука и набавка на психолошки тестови, скали и алатки за дијагностика на психо-социјални и емоционални потреби.
2. Да се разгледа можноста за преадаптација на постоечки простории или барање на поддршка од локалната самоуправа за создавање на училишна просторија за исхрана.
3. Да се формализираат протоколите за интервенција кај случаи на социјален ризик, психо-социјални потешкотии и емоционални кризи.

Да се продолжи со реализација на хуманитарни, едукативни и советодавни активности со активно вклучување на учениците, родителите и локалната заедница

**Подрачје 5: Училишна клима**

| **Клучни јаки страни** |
|---|
| Позитивнасоработка и комуникација<br>Безбедност и инклузивност<br>Активно учество на учениците<br>Професионализам и посветеност на наставниот кадар<br>Развиено чувство на припадност<br>Поддршка за индивидуален развој |
| **Слаби страни** |
| Недостатокнасоработкапомеѓунаставниците<br>Технолошказастојаност<br>Низокстепеннавклученостнародителите<br>Зголемо отсуство од настава<br>Нееднаква вклученост на учениците и недоволна соработка помеѓу класовите<br>Недоволна мотивација кај дел од учениците |

| **Анализа на резултатите** |
|---|
| Во училиштето постои отворена и конструктивна комуникација меѓу учениците, наставниците и стручната служба, што овозможува поефективно решавање на проблеми и создавање позитивна атмосфера.Ова резултира со:поголема доверба меѓу чинителите во училиштето, поттикнување на тимска работа и заедничка одговорност, намалување на конфликти и недоразбирања. Безбедна и инклузивна срединаУчилиштето вложува во одржување на безбедна и поддржувачка средина, каде што се почитуваат различностите и се промовира инклузивноста. Ова се потврдува преку: почитување на индивидуалните разлики,поттикнување на еднакви можности за сите ученици, спречување на дискриминација и насилство. Активно учество на учениците.Учениците се вклучени во различни активности, училишни тела и иницијативи, што ги охрабрува да преземаат одговорност и да бидат гласни чинители во училиштето. Придобивки, подобрена самодоверба кај учениците,поттикнување на лидерство и иницијативност,подобро функционирање на училишната заедница.професионализам и посветеност на наставниот кадар.Наставниците покажуваат висок степен на одговорност, ангажираност и професионализам во работата со учениците. Ова директно влијае врз: квалитетот на наставниот процес,поголема поддршка за индивидуалните потреби на учениците,континуирано унапредување на наставните методи. Развиено чувство на припадност и поддршка за индивидуален развој. Учениците се чувствуваат дел од училиштето и имаат можност за личен раст, што позитивно влијае на нивната мотивација, ангажман и успех.Ефекти, поголема ученичка стабилност,намалено чувство на изолација кај учениците,поттикнување на позитивна ученичка самоперцепција. Недоволна соработка помеѓу наставниците,недостатокот на редовна и ефективна соработка и размена на искуства меѓу наставниците доведува до: неконзистентност во пристапите кон наставата и оценувањето,помала синхронизираност меѓу различните предметни области, слаба поддршка за меѓупредметно поврзување. Технолошка заостанатост, недоволната опременост со ИКТ и застојот во дигиталната трансформација на наставата се одразуваат врз:ограничена интерактивност и креативност во наставниот процес, намалена подготвеност на учениците за дигиталното општество,намалена ефикасност во административните и комуникациските процеси. Низок степен на вклученост на родителите И покрај отвореноста на училиштето, многу родители не се доволно ангажирани во процесите на одлучување, следење на напредокот или поддршка на своите деца.Ова |

предизвикува,ограничен увид во ученичкиот напредок од страна на семејството,слаба домашна поддршка за образованието,помала соработка во решавање на проблеми со однесување или учење. Зголемено отсуство од настава. Недоволното присуство на учениците на наставата влијае на: училишниот успех и континуитетот на учењето,мотивацијата и дисциплината,потребата за дополнителна работа и поддршка. Нееднаква вклученост на учениците и слаба соработка меѓу класовите Постојат разлики во степенот на ангажираност меѓу различни паралелки и профили, а соработката меѓу класовите е ограничена. Ова резултира со: изолирани ученички групи, намалени можности за заедничко учење и меѓусебна поддршка,слаба поврзаност и чувство на заедништво на ниво на целото училиште.Недоволна мотивација кај дел од учениците**.**Одредени ученици покажуваат апатија, недостиг на интерес и отсуство на иницијатива, што може да биде резултат на:недоволен надворешен стимул (од семејството, општеството), недоволна индивидуализирана поддршка, лоши лични или социјални околности. Училиштето има цврста основа на позитивна клима, инклузивност и посветеност од страна на наставниот кадар. Постои добра поставеност за поддршка на учениците, но одредени аспекти на соработката и ангажманот на семејството и технологијата остануваат како предизвик. Слабостите укажуваат на потреба од систематизирана поддршка за мотивација, дигитализација и градење на заеднички дух на сите нивоа.

**Идни активности**

Да се поттикнува меѓусебната соработка помеѓу наставниците преку редовни работилници, заеднички подготовки и тимска настава.

1. Да се изработи стратегија за дигитална трансформација**,** која ќе опфати набавка на опрема, обуки и дигитални ресурси.

2. Да се воведат нови форми на вклучување на родителите (отвори денови, анкети, едукативни сесии).

3. Да се следи и анализира отсуството на учениците**,** со примена на интервенции (менторство, психо-социјална поддршка).

4. Да се создадат мултикласни активности и проекти со цел поголема соработка и интеракција меѓу паралелките.

5. Да се развијат мотивациски програми**,** стипендии, награди и вклучување во проекти што одговараат на интересите на учениците.

**Подрачје 6: Ресурси**

**Клучни јаки страни**

Добро уредени работни простории
Соодветен и квалививкуван наставен кадар
Екипирана стручна служба
Целосно почитување на законската регулатива
Транспарентност во планирањето и трошењето на финансиските средства

**Слаби страни**

Преоптеретени просторни капацитети
Стареење на нагледните средства
Недостаток на стручна литература

**Анализа на резултатите**

Работните простории се уредени, хигиенски одржувани и функционални, што придонесува за:професионална и мотивирачка работна средина за наставниот кадар,добро организирана наставна и административна работа, поголема ефикасност во извршувањето на секојдневните активности.Училиштето располага со стручно оспособени наставници, што овозможува:висок квалитет на наставниот процес,подготвеност за примена на современи методи на настава,подобра поддршка за учениците со различни образовни потреби.Екипирана стручна служба.Комплетирана стручна служба со педагог, психолог, специјален едукатор и социјален работник придонесува за: системска грижа за психо-социјалната добросостојба на учениците,професионална поддршка во образовниот процес, ефикасна работа со ученици со посебни потреби или во социјален ризик. Училиштето работи според сите прописи и законски обврски, што резултира со:транспарентност и отчетност,континуитет во административното и финансиското работење,стабилност во функционирањето на институцијата.Финансиското работење е транспарентно, со јавно достапни податоци за планирање и реализација на буџетот. Тоа овозможува:зголемена доверба меѓу вработените, учениците и родителите,одговорно управување со ресурсите,рационално инвестирање во приоритетни области.Преоптеретени просторни капацитети. Бројот на ученици, паралелки и активности не соодветствува со расположливиот простор, што доведува до:намалена функционалност и ограничено користење на училниците,пречки во реализација на практичната настава и лабораториските вежби,недостаток на простории за индивидуална или групна работа, особено за ученици со ПОП.Стареење на нагледните средства:дел од нагледните и технички средства се застарени, што резултира со:намалена ефективност во реализацијата на стручната и практичната настава,помала заинтересираност кај учениците поради недоволно визуелна и интерактивна настава,потреба за постојано прилагодување од страна на наставниците со ограничени ресурси.Недостаток на стручна литература.Постои ограничен пристап до современа стручна и дополнителна литература, што влијае на:оневозможено продлабочено истражувачко учење,ограничување на можностите за стручно усовршување на наставниците,помала поддршка во подготовката на учениците за натпревари и проекти.Училиштето располага со квалитетен кадар, добра организациска структура и функционални простории, но постојат ограничувања поврзани со физичките и материјалните ресурси.Состојбата со техничките и дидактичките средства, како и пристапот до литература, не е во согласност со современите барања за стручно и технолошко образование.Просторната пренатрупаност го ограничува потенцијалот на училиштето за воведување на нови активности, профили и иновации во наставата. Училиштето располага со квалитетен кадар, добра организациска структура и функционални простории, но постојат ограничувања поврзани со физичките и материјалните ресурси. Состојбата со техничките и дидактичките средства, како и пристапот до литература, не е во согласност со современите барања за стручно и технолошко образование.Просторната пренатрупаност го ограничува потенцијалот на училиштето за воведување на нови активности, профили и иновации во наставата.

1. Планирање проширување или адаптација на просторите – преку реконструкција или соработка со локалната самоуправа.
2. Набавка на современи нагледни средства и лабораториска опрема – со акцент на дигитални и практични помагала.
3. Обезбедување пристап до електронска стручна литература и ресурси – преку дигитални библиотеки, лиценцирани бази и е-учење.
4. Регуларно ажурирање на техничката опременост – според технолошкиот развој и потребите на пазарот на труд.

| |
|---|
| 5. Јакнење на соработката со стопанството и донатори – за заедничко финансирање на потребната опрема.<br>6. Развивање на стратегија за одржливо користење и одржување на ресурсите – вклучувајќи енергетска ефикасност и “зелени” практики. |
| **Идни активности** |
| 1. Планирање проширување или адаптација на просторите – преку реконструкција или соработка со локалната самоуправа.<br>2. Набавка на современи нагледни средства и лабораториска опрема – со акцент на дигитални и практични помагала.<br>3. Обезбедување пристап до електронска стручна литература и ресурси – преку дигитални библиотеки, лиценцирани бази и е-учење.<br>4. Регуларно ажурирање на техничката опременост – според технолошкиот развој и потребите на пазарот на труд.<br>5. Јакнење на соработката со стопанството и донатори – за заедничко финансирање на потребната опрема.<br>6. Развивање на стратегија за одржливо користење и одржување на ресурсите – вклучувајќи енергетска ефикасност и “зелени” практики. |

**Подрачје 7: Управување, раководење и креирање  политика**

| Клучни јаки страни |
|---|
| Активна улога на директорот во управување и мотивирање на кадарот.<br><br>Присуство на годишни, оперативни и стратешки планови.<br><br>Отворена комуникација со локалната заедница и институции. |
| **Слаби страни** |
| Недоволна вклученост на наставниците и учениците во креирање политики.<br><br>Ограничено следење и евалуација на спроведувањето на плановите.<br><br>Недоволен број обуки за менаџмент и лидерство кај раководниот кадар. |

| Анализа на резултатите |
|---|
| Директорот игра значајна улога во водењето на училиштето, со јасно дефинирани лидерски активности.Покажува иницијатива во носење одлуки и организирање на наставниот процес;Применува пристап базиран на комуникација, мотивација и поддршка на наставниот кадар;Позитивно влијае на работната атмосфера и на координацијата меѓу вработените.Училиштето има воспоставен систем на планирање, што овозможува: Долгорочно насочување на развојните цели на училиштето;Организирана реализација на наставните, вонннаставните и стручните активности,поврзаност на целите со реалните можности, потреби и ресурси на училиштето.Постојаната и продуктивна соработка со надворешни партнери резултира со: вклучување на локални чинители во развојот на училиштето, проектна и финансиска поддршка од општината и други институции, подобра афирмација на училиштето во јавноста. Иако постојат формални органи за учество во управувањето, во пракса одлуките често се носат од ограничен круг на лица,у чениците имаат мала улога во дефинирање на стратегии и активности,наставниците не се секогаш вклучени во процесот на самоевалуација и промени.<br><br>Ограничено следење и евалуација на спроведувањето на плановите Недостига системска анализа на:Степенот на реализација на годишниот и стратешкиот план;Ефектите од преземените активности врз квалитетот на наставата;Објективна проценка на тоа што функционира добро, а што треба да се подобри.<br><br>Недоволен број обуки за менаџмент и лидерство кај раководниот кадар Раководниот тим ретко учествува на надворешни обуки или програми за стручно усовршување во области како што се: образовен менаџмент,стратешко планирање,управување со човечки ресурси и комуникациски вештини.Училиштето има добра основа за успешно управување преку ангажираност на директорот и добро воспоставени плански документи. Меѓутоа, управувањето не е доволно инклузивно и сè уште доминира вертикален (одозгора надолу) пристап. Недостасува механизам за редовна анализа на ефективноста на политиките и вклученост на сите засегнати страни во процесите на одлучување. |
| **Идни активности** |
| 1. Вклучување на наставниците, учениците и родителите во процесот на креирање |

училишни политики, преку анкети, работилници и отворени форуми.

2. Развивање на систем за мониторинг и евалуација на реализацијата на сите плански документи, со јасни индикатори за успех.
3. Организирање или учество во обуки и тренинзи за раководниот кадар во теми како: лидерство, мотивација, конфликт-менаџмент и управување со промени.
4. Подобрување на внатрешната комуникација и создавање култура на дијалог, каде секој кадар може да даде придонес во развојот на училиштето.
5. Зголемување на партнерствата со локалната заедница и бизнис секторот за заедничко учество во дефинирање на стратешките приоритети.

Координатор: Ристенка Костова – педагог

----------------------------------------------------------

Директор,
Јасминка Цамбулева

--------------------------